**Универзитетски едукатори за одржлив развој (UE4SD)**

# Соопштение за јавноста: Проектот UE4SD беше затворен со лансирање уникатен ресурс за професионална обука

**30 септември 2016**

Проектот „Универзитетски едукатори за одржлив развој“ што е заснован на партнерството помеѓу високообразовни институции од цела Европа на полето на одржливиот развој, завршува на крајот на септември 2016 година. Во текот на изминатите три години, UE4SD ги постигна поставените цели преку низа активности и размена на искуства, фокусирани на професионалниот развој на едукаторите. Проектот понуди низа материјали што овозможуваат разбирање на образованието за одржлив развој (ESD) во различни културни окружувања, поддршка на професионалниот развој на компетенциите на едукаторите, како и поттикнување релевантни образовни политики на разни нивоа, од институционално до европско. Клучните резултати на проектот UE4SD вклучуваат:

- развој на мрежа од 53 европски партнери, преку годишни собири, online комуникација и активно учество во проектните процеси и резултати,
- процеси на пребарување со кои се добија серии на извештаи (мапирање) што овозможија создавање споделена слика за тековната експертиза и најновите експерименти во областа на професионалниот развој во ESD ширум Европа,
- споделување искуства и рефлексии од селектирани проекти и иницијативи за изработка на Публикацијата на водечки практики (Leading Practice Publication), на релевантни примери на професионален развој на полето на ESD,
- иницирање пилот програма на Академијата на UE4SD, што понуди модел и збир од реални искуства со универзитетски тимови што ги развиваат нивните компетенции на полето на ESD,
- синтеза на сознанијата и резултатите од Проектот, заедно со значајни практични примери, како и со продуктите од Академијата на UE4SD, во online платформа на ресурси.

Завршната и клучна активност во рамки на Проектот е Академијата која ги имплементира резултатите добиени во претходните фази. Процесот на градење на Академијата беше дизајниран и координиран од страна на Управниот одбор на проектот, под раководство на Автономниот универзитет од Мадрид, со учество на четири партнерски институции. Крајната цел на Академијата е поддршка на промените кај високообразовните институции во насока на одржливост, преку поддршка на универзитетските едукатори за развој на нивните компетенции на полето на ESD, вклучително лидерство и промена на вештините потребни за олеснување на процесите на пошироки промени кај институциите во правец на одржливост. Академијата овозможува простор, време и поддршка за креативно размислување во ваквите тимови, со цел обезбедување целосен развој и примена на индивидуалните проекти на Академијата:

- критичко рефлектирање на културните специфичноси на полето на ESD,
- користење дијалог за стекнување увид во професионалниот развој на полето на ESD,
- развој на индивидуално и споделено разбирање на ESD во практика,
- идентификување предизвици и можности за идни проекти на полето на ESD.

Оттука, Академијата ќе ги прошири можностите за признавање на компетенциите и за примена на професионалната практика во областа на ESD. Врз основа на институционалниот напредок на партнерите во областа на ESD и другите капацитети развиени во рамки на проектот UE4SD,

Академијата ќе биде во можност да ја продолжи соработката помеѓу високообразовните институции на полето на ESD и по завршување на проектот.

Следните чекори за мрежата на проектот UE4SD се:

- споделување на резултатите – дисеминација и расправа по исходите и сознанијата од проектот, преку соодветните публикациии и разни настани и форуми,
- примена на наученото – земајќи ги предвид знаењата и работните искуства на партнерите и користење на можностите за нивна практична примена со цел унапредување на the ESD,
- тековна соработка – постигнување согласност за начините на продолжување на поврзаноста помеѓу партнерите, и тоа преку непосредна размена и нови иницијативи форсирани во рамки на UE4SD,
- влијаење врз практиката – користење на ресурсите и сознанијата од Проектот за иницирање промени во сферата на политиката и размислувањата за професионалниот развој во рамки на секторот.

Генерално, проектот UE4SD испорача нови и водечки практики во професионалниот развој во високото образование што придонесуваат за успехот на образовните политики за одржлив развој (ESD), конкретно кај оние што се иницирани на национално ниво од страна на Глобалната акциона програма на УНЕСКО за ESD, како и Стратегијата за образование за одржлив развој на Европската комисија на ОН (UNECE). Проектот ги собра клучните актери во образованието за одржлив развој (вклучително 53 партнери од 33 земји, влијаејќи врз 3 000 европски високообразовни институции и повеќе од 24 милиони студенти). Тригодишната интензивна соработка што беше раководена од Универзитетот во Глостершир (Велика Британија), беше организирана во 4 регионални групи (хабови) – Северна (координирана од Универзитетот во Глостершир), Јужна (Автономниот универзитет од Мадрид, Шпанија), Источна (Карловиот универзитет од Прага, Чешка Република), и Западна (Универзитетот Лојфана од Лунебург, Германија).

*Комплетните материјали за проектот UE4SD се расположиви на http://www.ue4sd.eu. Клучните резултати од проектот и идните патишта се наведени на: http://platform.ue4sd.eu/pathways.php.*

*Развојот на Академијата како производ на проектот UE4SD беше финансиран од страна на Европската Комисија во рамки на Програмата за доживотно учење (Lifelong Learning Programme). Информации за Академијата можат да се најдат на: http://platform.ue4sd.eu/ue4sd_accademy.php.*

*За дополнителни информации во врска со Академијата, Ве молиме контактирајте го раководителот на соодветната секција Проф. Хавиер Бенајас (prof. Javier Benayas) javier.benayas@uam.es.*

*Повеќе информации во врска со проектот UE4SD можат да се добијат од раководителот Проф. д-р Даниела Тилбури (Daniella Tilbury) од Универзитетот од Гибралтар (University of Gibraltar), daniella.tilbury@unigib.edu.gi, потоа од координаторот на проектот UE4SD при Универзитетот во Глостершир (University of Gloucestershire) ue4sd@glos.ac.uk, како и на веб страната на проектот http://www.ue4sd.eu.*